Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје

Врз основа на член 19, став 2, точка 11, член 19-а и член 23 од Закон за јавните претпријатија, („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), член 26 од Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје и Одлуката бр. 0201- 6773/2 од 01.12.2021 година од Управниот одбор за распишување на јавен конкурс за избор на заменик на директор, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје објавува

ЈАВЕН КОНКУРС
за избор на заменик на директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

I. Кандидатите кои ќе се пријават на јавниот конкурс за заменик на директор треба да ги исполнуваат условите во согласност со закон и актите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование, и тоа: Сообраќаен факултет, Машински факултет, Електротехнички факултет, Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет, Факултет за јавна администрација и политички науки и Факултет за информатика,

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има минимум пет години работно искуство,
- активно познавање на англиски јазик

II. Потребни документи кои кандидатите треба да ги доставaт се следните:

- Уверение за државјанство;
- Потврда дека не му е изречена казна или прекршочна санкција,забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Кратка биографија- CV;
- Мотивационо писмо за пријава на конкурсот;
- Уверение за завршено високо образование;
- Потврда за работно искуство (историјат на движење на работни места од АВРМ или листа од ФПИОМ);
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години, и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).
- план и програма за работа на јавното претпријатие за наредните 4 (четири) години.

III. Заменик на директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Северна Македонија - Скопје се избира со мандат од 4 години.

IV. Времетраење на огласот е 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс во дневниот печат, а изборот ќе биде извршен во рокот утврден со Законот за јавните претпријатија и Статутот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

V. Известувањето за извршениот избор до кандидатите ќе се изврши писмено по донесување на Одлука за избор од Управниот одбор на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат со доставување на пријави со потребната документација во запечатено плико на адреса: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, ул. „Јордан Мијалков” бр. 50б - 1000 Скопје или во Писарницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, со назнака „За јавен конкурс за избор на заменик на директор“.

**Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копии заверени на нотар.**

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

Во рок од 8 (осум) дена по истекот на рокот на конкурсот, трочлената комисија целокупната документација со информација ја доставува до Управниот одбор на претпријатието.
Некомплетната и ненавремената документација нема да се земе предвид при разгледувањето на пријавите.

**Управен одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје**